# *СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА*

# *ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА*
## *во извидничката организација*

***Скопје, 2025 година***

# Вовед

Оваа Политика за безбедност и заштита во извидништвото е направена со цел овозможување на сигурна средина за сите при имплементација на програма за деца и млади од различна возраст на национално и локално ниво со примарен фокус на безбедноста на децата, младите и возрасните вклучени во активностите на Сојуз на Извидници на Македонија и одредите членки во истиот.
Сојузот како организација промовира безбедна средина за неформална едукација во чие спроведување се вклучени деца (до 18 години), млади (до 29 години) и возрасни извидници и пријатели на извидниците. Сите учесници во спроведување на извидничката програма се задолжени за благосостојбата на децата и секое нејзино загрозување соодветно треба да биде санкционирано.

Сојуз на Извидници на Македонија е непрофитна, невладина организација за неформално образование на деца и млади која се стреми да создаде млади луѓе кои се корисни за заедницата преку програмата исполнета со забава, авантура, активности во природа, како и активности кои поттикнуваат мултиетнички дијалог, лидерство и младински активизам.
Сојузот делува согласно основните принципи на Светската организација на извидничкото движење (WOSM - World Organisation of the Scout Movement) и најсериозно ја разбира обврската за здравјето и благосостојбата на децата кои за време на активностите се доверени од страна на родителите/старателите на лица кои ја спроведуваат програмата на СИМ.

Благосостојбата и интересите на децата се најважни во работата на СИМ. СИМ цели сите деца да имаат позитивно и пријатно искуство во извидништвото во безбедна средина. Децата мора да бидат заштитени при учество во какви било извиднички активности, без разлика на пол, возраст, сексуална ориентација, религија, попреченост, социо-економски статус и слично.

Овој документ ги дополнува законите во С. Македонија кои се однесуваат на заштитата на деца (Закон за заштита на деца) како и Статутот на Сојуз на извидници на Македонија и сите интерни правилници и документи (Етичкиот Кодекс на СИМ) по кои Сојузот работи.

# Цел

Со оваа Политика:

- Се промовира и се дава приоритет на безбедноста и благосостојбата на децата, младите и возрасните во извидништвото.
- Се воведува процес при кој сите возрасни волонтери и членови ќе бидат обучени за работа со деца и ќе ги знаат своите одговорности во однос на заштитата на децата и ќе се соодветно едуцирани за препознавање, идентификување и одговор на знаците на злоупотреба, занемарување и други заштитни грижи поврзани со децата.
- Се обезбедува систем со кој се преземаат соодветни мерки во случај на инциденти/загрижености за злоупотреба и таа поддршка се обезбедува на поединец/и кои ја пријавуваат ситуацијата/е жртва во ситуацијата.
- Се грижиме секое дете да ужива во извидништвото на безбеден и пријатен начин.
- Се обезбедува заштита на децата, младите и возрасните во извидништвото.

# Дефиниции

**Деца и млади**
Терминот „деца и млади“ во извидништвото се однесува на сите девојчиња и момчиња, младинки и младинци вклучени во едукативната програма во рамките на извидничкото движење. Искуството на учење во извидништвото се фокусира на развојот на младиот човек, затоа, програмата за деца и млади завршува во зрелоста (т.е. вклучува детство, адолесценција и рана зрелост).
Различните фази на личниот развој ги одредуваат возрасните категории во извидништвото (развигорци, извидници, истражувачи и ровери). Во СИМ извидничката програма опфаќа период од 6 до 29 години.

**Возрасни**
Според политиката на СИМ „Возрасни во извидништвото“, ги опфаќаат сите индивидуи кои на било каков начин учествуваат во активностите организирани од СИМ и одредите-членки на СИМ (организација, имплементација, логистичка поддршка).
Возрасните во извидништвото се волонтери (по правило, а само во ретки случаи професионалци) одговорни за развојот и спроведувањето на извидничката програма; задолжени за обезбедување поддршка на други возрасни членови; односно задолжен за давање поддршка на различни организациски структури во извидништвото.
„Возрасните во извидништвото“ е програма за систематско управување со возрасни човечки ресурси во извидничкото движење, со цел подобрување на ефикасноста, посветеноста и мотивацијата, за постигнување подобра програма за децата и младите и поефикасна и поуспешна организација.

**Заштита на деца и млади**
Заштитата на деца и млади во потесна смисла претставува:

- Заштита на деца и млади од загрозување (физичко, психичко-емоционално, сексуално);
- Спречување на штети по здравјето и развојот на децата и младите;
- Обезбедување на сигурна средина за раст и развој на децата како дел од извидничкото движење.

Во контекст на извидништвото (на светско и национално ниво), заштитата на деца и млади како концепт се провлекува низ низа стратегии, политики и процеси кои имаат за цел да ги промовираат развојот, благосостојбата и сигурноста на децата и младите како приоритет при сите извиднички активности.
Целта на овие политики и правилници е да се најде начин за превенција и реакција на евентуални ситуации кои би влијаеле на здравјето и благосостојбата на децата и младите.

**Сигурна средина**
Сигурна средина е средина која ја промовира и поддржува благосостојбата на децата и младите, а во исто време работи на справување и спречување на штетни практики. Постојат норми во извидништвото кои никогаш не смеат да бидат доведени во прашање. Тие вклучуваат:

- Извиднички завет и закони,
- Извиднички принципи (должност кон себе, должност кон другите и должност кон духовната реалност),
- Извиднички метод
- Почитување на себе и на другите (охрабрување на децата и младите да се заштитат себеси и другите),
- Опкружување кое промовира отвореност и различност на ставовите, без страв од негативни последици за изразување на различни мислења,
- Обезбедување еднакви можности за сите.

Конечно, сигурната средина овозможува саморазвој на децата и младите, како и развој на позитивни и здрави меѓучовечки односи (деца и млади - деца и млади, деца и млади - возрасни, возрасни - возрасни).

**Штетни делувања и околности**
Се однесува на било какви штетни фактори кои влијаат на физичката, психичката и/или емоционалната благосостојба и интегритетот на личноста.

**Извидничка програма**
Извидничката програма е збир на тоа ШТО младите луѓе го работат во извидништвото (активностите), КАКО го изведуваат тоа (Извидничкиот метод), и причината ЗОШТО го прават тоа (ЦЕЛТА).

**Загрозување**

Овој термин ги подразбира сите различни дејствија што би претставувале загрозување на деца и млади луѓе. Загрозувањето може да се групира во различни типологии како физичко, психолошко-емоционално и да има различни форми како исмејување, навредување, занемарување и сексуално загрозување. Важно е да се напомене дека децата и младите може да бидат изложени на една или комбинација од повеќе форми на загрозување. Загрозувањето може да се случи дома, на училиште, на извидници или на кое било друго место.

Општо земено, загрозување“ значи сè што поединците или институциите го прават или не го прават, што директно или индиректно им штети на децата и младите или нивните погледи за безбеден и здрав развој во зрелоста. Загрозување на традициите, занемарување на заедничкото образование за девојчиња и момчиња, недостаток на родова рамнотежа или недостаток на поддршка за децата и младите со различни и посебни потреби се практични примери каде децата и младите се изложени на ситуации на загрозување.

Должност на извидниците е да работат на спречување на кој било од овие видови загрозување и соодветно да реагираат доколку се случат.

**Физичко загрозување**

Физичко загрозување е кога некој намерно ќе го повреди детето физички или го става изложено на ризик да биде физички повредено. Може да се појави како единствен инцидент или како низа на инциденти. Постои разумна загриженост кога здравјето и/или развојот на детето е, може да биде или е оштетен како резултат на сомневање за физичко загрозување.

Физичкото загрозување може да го вклучи следново:

- Физичко казнување
- Тепање, шлаканица, удирање или клоцање
- Туркање, тресење или фрлање
- Штипење, гризење, гушење или влечење коса
- Употреба на прекумерна сила при ракување
- Намерно труење
- Задушување
- Фабрикувана/индуцирана болест
- Осакатување

**Емоционално загрозување**

Емотивната злоупотреба е систематско емоционално или психичко малтретирање на како дел од севкупниот однос. Еднократните и повремените потешкотии не се земаат предвид како емоционална злоупотреба. Злоупотребата се јавува кога основната потреба на детето за внимание, наклонетост, одобрување, доследност и сигурност не се исполнети, поради неспособност или рамнодушност од лицето кое се грижи за нив. Емоционалната злоупотреба може да се случи и кога се возрасни одговорни за грижата

за децата и младите не се свесни и не можат (поради низа од причини) да ги задоволат емоционалните и развојните потреби на децата и младите. Емотивната злоупотребата не е лесно да се препознае бидејќи ефектите не се лесно видливи.
Разумна загриженост за благосостојбата на детето би постоела кога однесувањето станува типично за односот помеѓу детето и оној кој се грижи за него.

Емоционалната злоупотреба може да се види на некои од следниве начини:

- Недостаток на удобност и љубов
- Недостаток на приврзаност
- Недостаток на соодветна стимулација (на пр. забава и игра)
- Континуиран недостаток на пофалби и охрабрување упорни критики, сарказам, непријателство или обвинување на детето
- Силеџиство
- Услововување во кое грижата или наклонетоста на детето зависи од неговите или нејзините однесувања или постапки
- Екстремна прекумерна заштита
- Несоодветно нефизичко казнување (на пр. заклучување на дете во соба)
- Сериозно несоодветни очекувања на детето во однос на неговата/нејзината возраст и фаза на развој

Можеби нема физички знаци на емоционална злоупотреба, освен ако тоа не се случи со друг вид на злоупотреба. Детето може да покаже знаци на емоционална злоупотреба преку своите постапки или емоции на неколку начини, тие вклучуваат несигурна приврзаност, неволност, ниска самопочит, образовни и развојни недостигнувања, преземање ризик и агресивно однесување.
Треба да се напомене дека ниту еден индикатор не е убедлив доказ за емоционална злоупотреба. Емоционалната злоупотреба има поголема веројатност да влијае негативно на детето во ситуации кога истата се повторува во текот на времето и кога недостигаат други заштитни фактори.

**Сексуално загрозување**
Сексуалната злоупотреба настанува кога детето го користи друго лице за негово или нејзиното задоволство или возбуда, или за задоволство на другите. Тоа го вклучува детето кое е вклучено во сексуални дејствија (мастурбација, милување, орален или пенетративен секс) или изложување на детето на сексуална активност директно или преку порнографија.
Сексуалната злоупотреба на деца може да покрие широк спектар на навредливи активности. Тоа ретко вклучува само еден инцидент и, во некои случаи, се случува во текот на неколку години. Случаите на сексуална злоупотреба главно излегуваат на виделина преку откривање од страна на детето или неговите блиски, од сомневањата за возрасен и/или поради физички симптоми. Треба да се запомни дека сексуалната активност која вклучува младо лице може да биде сексуална злоупотреба дури и ако

засегнатото младо лице само не го препознава како злоупотреба.

Примери за сексуална злоупотреба на деца го вклучуваат следново:

- Секој сексуален чин намерно извршен во присуство на дете
- Покана за сексуално допирање или намерно допирање или малтретирање на детето тело без разлика дали е од лице или предмет со цел сексуално возбудување или задоволување
- Мастурбација во присуство на дете или вмешаност на дете во чин на мастурбација
- Сексуален однос со дете, било да е орален, вагинален или анален
- Сексуална експлоатација на дете, која вклучува: Поканување, поттикнување или принудување на дете да се вклучи во проституција или производство на детска порнографија [на пример, изложба, моделирање или позирање со цел на сексуалното возбудување, задоволување или сексуален чин, вклучувајќи го и неговото снимање (на филм, видео или други медиуми) или манипулација, за тие цели, на слика со компјутер или други средства]
- Поканување, принудување или поттикнување на детето да учествува или да набљудува било каков сексуален или непристоен чин
- Прикажување сексуално експлицитен материјал на децата
- Изложување на дете на несоодветен или навредлив материјал преку информации и комуникациска технологија
- Консензуална сексуална активност која вклучува возрасно и малолетно лице

**Заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба (ЗСЕЗ) по стандардите на однесување на Обединети Нации**

Организацијата е посветена на почитување на највисоките стандарди на интегритет и професионализам за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба (ЗСЕЗ) на која било индивидуа.

**Занемарување**

Постојаното хронично занемарување се препознава како исклучително штетно на развојот и благосостојбата на децата и младите и може да има сериозни долгорочни негативни последици.

Занемарувањето се јавува кога детето не добива соодветна грижа или надзор до степен каде детето е физички или развојно повредено. Општо е дефинирано во смисла на пропуст на грижа, како што здравствениот развој или благосостојбата се оштетени поради лишување од храна, облека, топлина, хигиена, медицинска нега, интелектуална стимулација или надзор и безбедност. Најчесто се јавува во комбинација со емоционалното запоставување и може да доведе и до посериозни потешкотии.

Следниве се карактеристиките на занемарувањето на детето:

- Децата остануваат сами без соодветна грижа и надзор
- Неухранетост, недостаток на храна, несоодветна храна или непредвидливо хранење

- Неуспех да се обезбеди соодветна медицинска грижа и интелектуална стимулација
- Несоодветни услови за живот и недостаток на соодветна облека и невнимание на основната хигиена
- Недостаток на заштита и изложеност на опасност, вклучително и морална опасност, или недостаток на надзор соодветен на возраста на детето
- Постојано не посетување на училиште

**Злоупотреба од врсници - Булинг (врсничко малтретирање)**
Признаено е дека врсничкото малтретирање влијае на животот на сè поголем број деца и може да биде причина за вистинска загриженост за благосостојбата на детето.
Булинг може да се дефинира како повторена агресија, без разлика дали е вербална, психичка или физичка, што се спроведува од поединец или група против друг(и). Тоа е однесување кое е намерно, отежнувачко и застрашувачко и се јавува главно кај децата во социјални средини како што се училишта, игралиштата или онлајн.

Тоа вклучува однесувања како физичка агресија, сајбер-малтретирање, оштетување на имот, заплашување, изолација/исклучување, навредување, злонамерни озборувања и изнуда. Булингот може да има и форма на злоупотреба врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација, раса, етничка припадност и религиозни фактори. Со развојот на модерната технологија, децата можат да бидат и жртви на бесконтактно малтретирање, преку мобилен телефон и интернет.

Иако малтретирањето може да му се случи на секое дете, некои може да бидат поранливи, како на пример: деца со попреченост или посебни образовни потреби; оние од етнички малцински и мигрантски групи; ЛГБТ деца и деца од малцинска вероисповед.

Децата со посебни образовни потреби или пречки во развој се особено подложни на врсничко малтретирање бидејќи најчесто не разбираат социјални знаци и/или имаат тешкотии во комуникацијата. Некои од овие деца немаат разбирање за социјалните ситуации и затоа им веруваат на сите имплицитно. Дополнително тие се поранливи бидејќи ги немаат истите социјални вештини или способност како другите да препознаат и да се бранат од насилничкото однесување.

Малтретирањето во училиштата е посебен проблем поради фактот што децата поминуваат значителен дел од своето време таму и се во големи општествени групи. Понекогаш ова може да се прошири во организации како што е извидништвото со оглед на методологијата која се користи и организирањето на извидничките настани.
СИМ е посветен на справување со малтретирањето и има Кодекси на однесување за младите луѓе и Политика за заштита на деца.

**Од кого сè може да дојде загрозувањето?**
Според тоа од кого доаѓа загрозувањето на благосостојбата и психичкото/физичкото и емоционално здравје на детето, загрозувањето може да се дефинира како:

- Загрозување од друго дете/врсник (врсничко загрозување)
- од волонтер/водач
- од некој друг (надвор од СИМ)

Во ситуација кога се тврди дека злоупотребата на деца била извршена од друго дете, процедурите за заштита на децата мора да се почитуваат и за жртвата и за децата за кои има сомнеж дека извршиле насилство/злоупотреба. За време на процедурите треба да се почитуваат правата на сите вклучени деца. Секоја разумна основа за загриженост поврзана со злоупотреба или штета нанесена на дете од страна на друго дете ќе се решава во согласност со процедурите наведени во овој документ.

Без разлика на тоа од кого доаѓа загрозувањето СИМ ќе ги следи своите механизми за постапување при сите сомнежи.

# Мерки кои се преземаат за превенција на загрозување

Со цел добра контрола и координација во спроведување на мерките за безбедност и заштита на децата СИМ назначува Комесар кој менаџира со Комесаријатот.
По основање на Комесаријатот за безбедност и заштита на деца се изготвува/одобрува тест за сите возрасни во извидништвото (членови и оние кои учествуваат во активностите на СИМ како гости, тренери, партнери и слично). Овој тест е онлајн и истиот се поминува на годишно ниво минимум еднаш. Одговорните лица од Комесаријатот од секој одред се одговорни да обезбедат секој возрасен член и соработник да го има поминато овој тест.
Дополнително СИМ има Етички кодекс кој се почитува во работата на организацијата и сите нејзини членки.

За време на настани организирани од страна на СИМ или одредите-членки се планираат и спроведуваат мерки за заштита и безбедност на децата соодветни со природата на настанот. Комесаријатот прави листа од потребни мерки за безбедност кои мора да се почитуваат на настани во живо и посебна листа за онлајн настани и истите ги дисеминира до одредите-членки.

Комесаријатот редовно објавува содржини за промоција на безбедна средина за време на разалични настани. Редовно има дисеминација на постери и друг промотивен материјал со кој извидниците ќе се запознаат со основните форми на загрозување, како да ги препознаат, да ги превенираат и како да ги пријават.
Пред онлајн настани организаторите имаат обврска да повторат мерки за безбедност на интернет пред почетокот.

На секој настан има обучени лица за прва помош, ПП апарати, теренот е безбеден за предвидените активности, доколку има поризични активности претходно има обука од стручно лице (пр. качување по карпи, едрење, користење на остри алати и слично).
На секој настан има лица одговорни за пријавување на загрозување. Тоа се членовите на Комесаријатот секогаш кога тоа е возможно, во спротивно е посебно назначено лице.
Одговорното лице јавно се презентира пред почеток на настанот со цел сите учесници да знаат каде да се обратат.

# Тела одговорни за имплементација на Политика

СИМ назначува Комесар за безбедност и заштита на деца и тој/таа претставува менаџер на Комесаријатот за безбедност и заштита на деца кој задолжително се состои од

членови од сите одреди. Тие се ресурс за целата извидничка организација, персонал, членови, родители/старатели, кои имаат какви било прашања или грижи во врска со безбедност и заштита на детето. Комесаријатот ќе се поврзува со надворешни агенции во име на СИМ и ќе добива редовна и соодветна обука за оваа улога. Комесаријатот е на национално ниво и се назначува од страна на старешинството на СИМ.

**Улога и одговорности на комесарот за безбедност и заштита на деца**

- Целосно е запознаен/а со должностите на СИМ во однос на безбедност и заштита на децата.
- Има одлично познавање на извидничките закони и процедури за заштита на деца.
- Гарантира дека се почитуваат процедурите за известување во СИМ, така што секоја загриженост за безбедноста и благосостојбата на децата веднаш се упатува кон соодветна државна институција согласно законот за заштита на деца.
- Ги добива поплаките за заштита на децата и благосостојба и проценува дали постојат разумни основи за загриженост за известување до законските органи.
- Неформално се консултира со социјални работници и кога е потребно ги следи нивните совети.
- Онаму каде што е соодветно, прави формален извештај за заштита или благосостојба на децата загриженост или тврдење за кривично дело до законските органи. Секој навод за кривично дело секогаш ќе биде пријавен во Полициската служба на РСМ
- Обезбедува насоки за членовите на СИМ околу тоа кој да ги информира родителите/старателите на детето кога ќе се поднесе пријава до законски органи.
- Води записник за сите грижи или наводи за злоупотреба на деца и благосостојба што им се доставени, како и сите одлуки донесени како одговор на овие грижи.
- Соодветно обезбедува повратни информации до упатувачот. Во инциденти каде е донесена одлука СИМ да не пријавува до законските органи упатувачот треба да биде информиран од комесарот со наведена причина зошто СИМ нема да превземе такво дејствие и дека доколку сакаат самите можат да пријават до законски органи.
- Обезбедува безбеден систем за управување со доверливи информации.
- Дејствувува во постојана врска со законските органи.
- Обезбедува имплементација на процедурите за безбедност и заштита на деца на СИМ, и прави редовно ревидирање и надополнување на истите.
- Посетува обуки кои се бараат од нив како носители на позицијата
- Ги поддржува одредите во процесот на обука на возрасните во извидништвото
- Организира годишна средба на тема Безбедност и заштита на деца

- Еднаш годишно цпроведува тестирање за Безбедност и заштита на деца
- Обезбедува тестови за Безбедност и заштита на деца кои одредите ги спроведуваат во своите внатрешни структури

**Улога и одговорности на членовите во комесаријатот за безбедност и заштита на деца**

- Улогата на членовите е иста како онаа на комесарот

ЗАБЕЛЕШКА: Кога комесарот е недостапен, членот претставник на одредот од каде доаѓа засегнатата страна ќе ги извршува сите функции на комесарот.

**Улогата на старешината на одредот**

Старешината на одредот примарно одговорен за управување и координација на ресурсите на извидничкиот одред. Тој се грижи сите членови на одредот да ги исполнуваат своите одговорности кон извидништвото. Старешината на одредот, исто така, ќе се погрижи сите волонтери во одредот да добијат соодветна обука. Тие мора да настојуваат да обезбедат отвореност и правичност во работењето на извидничкот одред.

# Механизам на пријавување случаи на загрозување

**Пријавување на случај на загрозување:**
Пријавување на случај на загрозување може да се изврши на повеќе начини:
- преку својот водач;
- преку одговорното лице за заштита на децата во одредот (член на Комесаријатот);
- преку Комесарот;

(пр. Анонимно на страната да може да се пријавува? Или директно на одговорното лице на настанот или одг лице во одредот или СИМ за тоа)
- се разгледува од страна на Комесаријат и Старешинство,
- се согледуваат доказите и ако има потреба се консултира стручно лице (правник, педагог, психолог и сл.)
- да се види кој се е вклучен и како и за кого треба да се делува со: опомена, обука, исклучување од организацијата, друга казна, пријава во полиција и слично…

**Разумни сомнежи**
Секоја постапка во случај на загрозување на децата започнува со поставување на разумен сомнеж. Неколку примери за такви сомнежи:
- Доказ, на пример повреда или однесување, што е во согласност со злоупотреба и мала е веројатноста дека е предизвикан на друг начин;
- Секоја загриженост за можна сексуална злоупотреба;
- Постојани знаци дека детето страда од емоционално или физичко запоставување;

- Дете кое кажува или покажува со други средства дека било злоставувано;
- Прием или укажување од возрасен или дете за наводна злоупотреба.

**Одговор на сомнежите**

Каква било загриженост/навод/сомнение за злоупотреба на дете или млад човек ќе се третира изклучително чувствително и внимателно.

Откако ќе се постават сомнежите СИМ ќе продолжи со процесот на разгледување на ситуацијата со превземање мерки:

- Не спроведува веднаш истрага
- Одговорните лица реагираат смирено и слушаат внимателно;
- Децата се сфаќаат сериозно
- Децата се уверуваат дека направиле вистинска одлука со тоа што пријавиле
- Не ветувајте дека нешто ќе чувате во тајност
- Поставувајте прашања само за појаснување.
- Не поставувајте водечки прашања
- Проверете повторно со детето дали она што сте го слушнале е точно и разбрано
- Не изразувајте никакво мислење за наводниот насилник
- Погрижете се детето да ги разбере процедурите што ќе следат
- Направете писмена евиденција од разговорот што е можно поскоро, во како што е можно повеќе детали со зборовите на детето.
- Однесувајте се кон информациите доверливо, разговарајте за ова прашање само со луѓе кои навистина треба да се знае.

**Постапка за известување**

Сите возрасни во СИМ имаат одговорност да пријават каква било загриженост во однос на заштитата и благосостојбата на децата. Особено важна улога има Комесаријатот кој треба да обезбеди сите возрасни/ волонтери во СИМ да се запознаени со политиката за заштита на деца и механизмите за постапување при сомнежи за загрозување.


По идентификација на сомнеж за злоупотреба треба да се преземат следниве чекори:

- За секоја почната постапка се води извештај без разлика на исходот.
- Доколку сметате дека детето е во непосреден ризик, контактирајте директно и веднаш со Полициската служба на С. Македонија.
- Ако загриженоста не е итна или не вклучува непосреден ризик за детето - контактирајте го Комесаријатот.
- Комесаријатот може да побара помош од стручно лице надвор од СИМ доколку смета дека е потребно.
- Доколку постојат разумни сомнежи за прекршување на законски одредби веднаш се контатираат одговорните институции. Родителите треба да бидат информирани дека се доставува извештај до институција/орган, освен ако постои опасност за детето.
- Информации во врска со ситуацијата ќе се споделуваат исклучиво со засегнатите лица,

кои мора да ги знаат информациите.

- ќе обезбеди што е можно повеќе информации за детето при поднесување на извештај до институции. Каде што е можно, кога се прави извештај се вклучени следните информации:
    - Име, адреса и возраст на детето
    - Имиња и адреси на родителите/старателите
    - Имиња, доколку се познати, на оние кои наводно го загрозиле детето
    - Детален приказ на причини за загриженост (на пр. детали за тврдењето, датуми на инциденти и опис на повреди)
    - Имиња на други деца во домаќинството
    - Име на училиште/одред кое детето го посетува
    - Детали за контакт на известувачот кој ја искажал загриженоста, за да можат институциите да стапат во контакт со него.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако лицето за кое се тврди дека предизвикува штета или злоупотреба е дете, горенаведените процедури се следат за двете деца.




https://app.diagrams.net/

**Непостапување по сомнеж за загрозување**
Кога Комесаријат и Старешинство ќе одлучи дека не се исполнети основите за разумна загриженост, мора писмено да се информира известувачот за причините за таа одлука. Комесатијатот мора да одржува евиденција во писмена форма на сите дејствија и комуникации и евиденција на причините за непостапување по одредени дојави за загриженост. Ова вклучува снимање на какви било неформални консултации и какви било совети добиени од институции и државни гани.

**Постапување при ретроспектни осудувања**
При сомнежи, дојави и загрижености за минати загрозувања на благосостојбата на децата потребно е да се следат истите чекори како и при актуелни случаи. Од огромна важност е да се обезбеди дека е исклучена можност за опасност од повторување на минатото загрозување.

**Анонимни пријави**
Доколку Комесаријатот или било кој од раководството на СИМ добие анонимна пријава поврзана со безбедноста и благосостојбата мора да се следат истите постапки како и при секоја друга пријава и сомнеж. Иако, при анонимни пријави најчест проблем е поставувањето на добра основа за сомнеж за загрозувањето без да се има информации за лицето кое дојавува.

**Упатување на жртвата кон даватели на услуги за поддршка**

Кога ќе се идентификува или пријави случај на сексуална експлоатација и злоупотреба, Сојузот на извидници на Македонија (СИМ) е обврзан да обезбеди брзо и ефикасно упатување на жртвата кон соодветни даватели на услуги за поддршка. СИМ ќе соработува со релевантни организации и институции како што се Центрите за социјална работа, невладини организации кои обезбедуваат психолошка и социјална поддршка, како и со здравствени институции за обезбедување медицинска грижа. Жртвата ќе биде информирана за своите права, достапните услуги и процесот на упатување, со цел да се обезбеди нејзина информирана согласност за секој следен чекор. Организацијата дополнително ќе обезбеди поддршка за олеснување на комуникацијата со овие служби, доколку е потребно, со цел жртвата да добие квалитетна и навремена помош.

# Процесирање на информациите

СИМ се обврзува да ги следи следниве принципи кога станува збор за управување со чувствителни информации во однос на благосостојбата и заштитата на децата во извидништвото:

1. **Доверливост**

Кога ќе се појават грижи за заштита на децата и благосостојба, информациите ќе се споделуваат само со оние кои имаат потреба да знаат, во најдобар интерес на детето. Важно е децата да се свесни дека доколку откријат злоупотреба, истата не може да се чува во тајност, туку ќе се сподели само со луѓето кои се во позиција да им помогнат.
Родителите и децата имаат право да знаат ако се споделуваат нивни лични информации, освен ако тоа го става детето понатаму во ризик или може да влијае на проценката/истрагата што ја спроведуваат институциите..

2. **Чување и споделување информации**

СИМ ќе обезбеди сите записи и снимки како докази да:

- бидат исклучиво факти, и ќе вклучуваат детали за контакти, консултации и какви било преземени дејствија;
- бидат споделени со органи и институции кои се занимаваат со заштита на децата и нивната благосостојба;
- се користат само за целта за која се наменети;
- се споделуваат само со засегнатите страни кои мораат да ги знаат, согласно постапката, во најдобар интерес на детето;
- се чуваат доверливо од страна на Старешинството на СИМ и Комесаријатот
- не се пренесуваат на медиуми или трети, незасегнати лица, без разлика на застареноста на случајот.

# Имплементација, мониторинг и евалуација

Со цел овој документ да остане релевантен и истиот да се применува во целост во сите активности и од страна на сите засегнати страни, СИМ се обврзува да прави ревизија на секои 2 години од страна на актуелниот Комесаријат и Старешинство, во соработка со надворешни стручни лица доколку се увиди потреба.

Дополнително,Комесарот и членовите на Комесаријатот се одговорни да го следат овој документ при своите постапувања по сите прашања и да предложат промени кога ќе се увиди потреба. Овие промени се изгласуваат на редовни седници на Старешинство на СИМ и веднаш се проследуваат до сите членки на Сојузот.

За време на активности организирани од одредите-членки на СИМ одговорност за преземање на сите мерки за заштита на децата ја има одредот организатор, со поддршка од  Комесаријатот за безбедност и заштита на деца.
На крајот од секоја година во склоп на годишните извештаи на одредите членки на СИМ ќе се побара и нивен одговор за успехот на спроведувањето на одредбите од овој документ, проблеми при имплементација и сугестии за подобрување. Истите ќе се разгледани од страна на Комесаријатот и Старешинство на СИМ.

Секој возрасен член вклучен во извиднички активности ќе треба да го помине тестот за безбедност и заштита на децата минимум еднаш годишно.
Секое одговорно лице од одредите е задолжено да обезбеди сите возрасни членови од одредот како и сите возрасни соработници, тренери и партнери вклучени во спроведување на нивните активности да го имаат поминато тестот и истото ќе се воведе како услов за регистрација на возрасните членови од одредите секоја година.